USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

Европско движење Северна Македонија
European Movement North Macedonia



# БИЛТЕН 8

## РАБОТНА ГРУПА 2
## СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ВРАБОТУВАЊЕ – ПОГЛАВЈЕ 19

SFPA
25 years of foreign policy expertise

**Десетта сесија на Работна група 2**
**– Социјална политика и вработување**

**„ Предизвиците во вклучувањето на лицата со попреченост на пазарот на трудот: европски практики и национални можности “**

На сесијата на Работна група 2 – Социјална политика и вработување која се одржа на 4 март 2022 година онлајн преку Zoom webinar (од 09:30 до 13:20 часот) присуствуваа 61 учесник – претставници од: Министерството за труд и социјална политика (МТСП), граѓански здруженија, здруженија за подршка на лица со попреченост, заштитни друштва за вработување на лица со попреченост, експерти од областа,организации на работодавачи, академската заедница и други заинтересирани страни. Копретседавачи на сесијата беа Габриела Маџовска, од Секторот за еднакви можности во Министерствотот за труд и социјална политика и Марија Ристеска, директорка на здруженето „Центар за истражување и креирање на политики" од Скопје.

**Милева Ѓуровска**, претседателка на Европското движење во Република Македонија ја отвори Сесијата во својство на Национален кординатор на НКЕУ-МК. Таа истакна дека е во тек третиот циклус од Националната конвенција поддржан од USAID. Таа укажа дека агендата ја одразува природата на Националната конвенција, како форма на структуриран дијалог во кој се соочуваат гледиштата на различни чинители - институциите, граѓанскиот сектор, академската средина и друга стручна јавност активна во оваа област. Целта на дијалозите е да се дојде до заеднички решенија на проблемите со кои се соочува реформскиот процес во ова поглавје. Таа објасни дека темата е извлечена од рамката на Националната програма за усогласување на националното со европското законодавство (НПАА), но и од Извештајот на ЕК за 2021 година за Поглавјето 19 каде се истакнува дека државата треба да посвети посебно внимание на ефективно спроведување на активните мерки за вклучување на лицата со попреченост на пазарот на трудот. Таа дополни дека државата треба да вложи поголеми напори во обезбедување на соодветна контрола и евалуација на дефинираните мерките и дека проблемот не е во продукцијата на прописи и мерки, туку во слабата или неправилна имплементација.



Ѓуровска посочи дека лицата со попреченост, кои што според Светската здравствена организација сочинуваат 15% од популацијата, во светски рамки наидуваат на поголеми тешкотии во нивното економско активирање, особено во помалку развиените држави каде одвај 20% од лицата со попреченост - способни за работа, се вклучени во работниот процес. Таа укажа дека државите го регулираат начинот на вклучување на лицата со попреченост на пазарот на труд според своите социјални традиции и економски услови. Во РС Македонија од 2000 година, оваа област се уредува со Законот за вработување на инвалидни лица преку формата на заштитни друштва. Таа изрази очекување дека експертите во нивните дискусии ќе презентираат податоци за тоа колку лица со попреченост се вработиле и колку сретства од буџетот се прелеваат во претпријатијата регистрирани како заштитни друштва. Ѓуровска објасни дека дискусијата е во пресрет на новиот Закон за вработување на лица со попреченост кој е во фаза на подготовка и дека верува дека дебатата и препораките креирани од експертите ќе придонесе содржината на Законот да биде во согледаност со Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност.

**Томаж Стражај**, од Словачката асоцијација за надворешна политика од Братислава ја коментираше актуелната политичко безбедносна ситуација во Европа во контекст на идниот процес на проширување на ЕУ што ќе влијае на потребата од повторно разгледување на политиките за проширување. Тој наведе дека во рамки на Националната конвенција се вклучуваат Словачки експерти кои го пренесуваат искуството од процесот на вклучување во ЕУ и ја истакна подршката што таа ја дава на владата на Република Северна Македонија во спроведување на Конвенцијата. Тој ја коментираше темата на Сесијата од аспект на турбулентните услови на живеење во овие неколку години што посебно ги погодува ранливите групи на население од кои лицата со попреченост се едни од најпогодените. Овие граѓани заслужуваат внимание и затоа тој го изрази верувањето дека експертите што се вклучени во денешната Сесија ќе понудат одговори на прашањата за соодветен пристап за нивно поефикасно вклучување на пазарот на трудот.



**Јована Тренчевска** – Министер за труд и социјална политика. Посакувајќи успешна работа на Сесијата Министерката искажа верување дека предлозите што ќе бидат усвоени од учесниците и ќе бидат вреден прилог во процесот на

адекватно регулирање на вработувањето на лицата со посебни потреби. Таа информираше за проектот за реформа на вработување на овие лица кој МТСП го реализра со финансиска подршка на Светска банка, а се однесува на креирање на нов модел и закон со цел да се влијае на нивната материјална сигурност и независнот. Министерката објасни дека моделот што ќе се имплементира етапно и низ неколку активности: зајакнување на центри за рехабилитација, развој на мрежа на даватели на услуги за зголемување на работоспособност, гарантирање на нивните работни места и упатување низ системот до вработување, етапно воведување на квоти за вработување, заменски квоти (стипендирање, практична работа), стимулирање на вработување и задржување на овие лица на работа. Процесот на донесување на Законот ќе биде транспарентен и со вклучување на засегнатите страни и со користење на добри пракси од други земји за да се добие законско решение кое ќе одговара на потребите на лицата со попреченост, на вработувачите и на целата јавност.





**Марија Ристеска**, ко-претседавач на Работната група 2, ја истакна родовата перспектива во социјалната инклузија на лицата со пореченост. Истакна дека Република Северна Македонија е во напредна фаза на создавање на услови за општесвена интеграција на лицата со попреченост. Меѓутоа, треба да се работи и натаму за поголемо усогласување на политиките со Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост. Исто така, недостасува интерсекциски пристап кон родот и попреченоста, дека ова прашање не е третирано или нема транспарентен пристап. Затоа политиките треба да подржуваат вклученост на жените со попреченост на пазарот на труд, и затоа треба да се гради база на податоци за родовиот аспект на вработување на лицата со создавање на услови за работни ангажамани и развој на нивните кариери.

**Габриела Маџоска**, ко-претседавач на Работната група 2, се осврнал на новото законско решение со кое би се подобрило вклучувањето на лицата со попреченост. Јавната дебата со учество на сите релевантни чинители ќе се со-

берат предлози и мислење кои ќе придонесат за креирање на оптимално решение. Соодветното вработување на овие лица не придонесува само за нивната положба, туку за развој за целото општество. Право на работа на еднаква основа со другите претставува силна придобивка. Обврските кон овие граѓани не треба да биде обрвска само по основ на Конвенцијата на ОН, туку обврска на сите граѓани во однос на нивно прифаќање и подршка на лицата со попреченост.



**Лазар Јовевски**, Професор, Правен факултет „Јустинијан Први“ УКИМ, Скопје. Тој истакна дека преку трудот лицата со попреченост добиваат најбрза, најлесна, најефтина и сеопфатна инклузија во општеството. Постојната законска рамка дава одредена правна основа за вработување на овие лица. Таа има одредени слабости и затоа е разбирлива инцијативата за промена на моделот. . Тој смета дека концептот на унапредување треба да биде базиран на три премиси: (1) реформа на законодавството, (2) подобрување на субсидијарните прави на лицата со попреченост за градење на атмосфера на еднаквост наспроти култура на отфрлање и (3) контрола и надзор на спроведување на легислативата. Во актуелното законско решение не се имплементирани сите европски стандарди и стандардите на МОТ. Станува збор за Директивата 89654 и Директивата 2000/78 и Конвенцијата 159 на МОТ, кои не се целосно применети, туку има само начелна поставеност. Според него, треба да се прави разлика меѓу стручно оспособување и професионална ориентација и дека треба да се работи на мерки и политики за нивно подобрување. Ја нагласи потребата развивање на т.н меки вештини кај лицата со попреченост, да се зголеми свесноста за недискриминација, да се развие култура на прифаќање на различност и слично.

**Ана Подлесна** - Менаџер за корпоративна општествена одговорност, „Професија“ – Братислава ја објасни ситуацијата во Словачка, трендовите на пазарот на трудот, и ги презентираше најдобрите практики. Таа наведе дека Словачка има искуство подолго од дваесет години во градрењето на механизми за подршка на лицата со попреченост. Таа ја акцентираше потребата од респектирње на индивидуалноста на лицата кои се корисници на овие мерки, затоа што тие се со разнолики карактеристики и потреби. И во Словачка нема единствена дефиниција на лицата со попреченост во рамки на законскиот систем. Таа ги презентираше резултатите од истражувањето на LFFI според кое 40% од интервјуираните организа-

ции кои даваат советодавни услуги ги сметаат заштитните друштва како нај-соодветна опција за вработување на лица со инвалидитет. Поддржано вра-ботување е комплекс од индивидуали-зирани услуги наменети за (социјално/здравствени) обесправени лица на па-зарот на труд кој се фокусира на наоѓа-ње и задржување на работа во услови на отворен пазар на трудот. Според неа, во Словачка таков систем се уште не развиен.



Постои законска обврска на работода-вачите да вработуваат граѓани со по-преченост од 3,2% од вкупниот број на вработени доколку имаат најмалку 20 вработени. Од 2018 година работодав-ците имаат можност да ги исполнат за-конските прописи за процентот на вработеност на граѓаните со инвалид-ност со доделување на определени до-говори во рамките на јавните тендери. За да укаже на променетите услови на барања на пазарот на труд таа наведе податоци за промените во бараните вештини (меки и тврди) во 2019 во однос на 2014 година, и само на меките вештини во 2020 во однос на 2010 година.

Таа ги презентираше и стравовите и бариерите на работодавачите кои вра-ботуваат лица со попреченост, како и на оние кои не вработуваат такви лица поради таквите ставови. Ја нагласи и важноста од соработка помеѓу: меди-цинската заедница, родителите, учи-лиштата, НВО и заедници, работо-давците и државните институции. А соработката треба да биде на полето на: медицинска нега, образование, про-грами за транзиција од училиште на ра-бота, поддржано вработување и стру-чна рехабилитација, тренер за работа и менторство и услуги за застапување. Таа го презентираше и ја наведе по-требата од воведување на динамични-от АМО модел за невродивергентни луѓе во Словакиа, каде се забележува зголемување на вакви лица (аутизам, дислексија, даунов синдром). Ги прет-стави и соработките за користење на најдобри пракси и планирани актив-ности на Професиа за следните две години.

**Наташа Станојковска**, Професор, Институт за специјална едукација, Филозофски факултет, УКИМ, Скопје го истакна дека клучна поента за поголе-ма општесвена инклузија на лицата со пореченост е развој на култура на прифаќање кое се постигнува за активности за подигање на јавната све-ст. Укажа на фактот за слабата инфо-рмираност што се должи на  недостог од државна стратегија.



Според неа, постои значителен број на инвалидни на труд и лица со загубена работна способност, заради што тие треба соодветно да се опфатат преку системски поставена професионална рехабилитација. За подобра инклузија на лицата со попреченост во образовниот систем ја нагласи потребата од обуката на наставници во основното и средното образование, особено на оние кои се вклучени во образование на лица со попреченост. Го подржува создавањето на компензаторен фонд што е предвиден со новиот Закон кој можеби би придонел за издвојување повеќе средства за подобрување на можностите за студирање. Таа ги спомна и проблемите со недостаток на пристап до информации за овие лица во руралните средини, неприлагодена инфраструктура за слободно движење, отпор кон вклучување на пазарот на труд заради задржување на социјални бенефити. За квотно вработување таа смета дека може да има позитивно влијание, но дека треба да се базира на докази со бројки на број на вработливи лица.

**Елена Кочоска**, од Здружението на граѓани „Полио плус", го претстави Здружението кое работи дваесет и две година во областа на човековите права на лицата со хендикеп, за доследно примена и заштита на индивидуалните и колективните права на овие лица потенцирајќи го значењето на родовата еднаквост и на правата на децата. Таа искажа подршка на иницијативата за промена на законската регулатива, а квотниот систем треба да биде акцелератор за натамошни промени во согласност со обврските од Конвенцијата на лица со хендикеп. Актуелна е потребата од почитување на меѓународните договори, што не е доследно спроведено во практикта. Таа укажа дека неприфаќањето на различност што предизвикува изолација и сегрегација кај лицата со посебни потреби, наместо нивна иклузија во општеството. Нејзиниот став е дека проблемите за поделеноста е во општеството, во тоа што не е обезбедена адекватна инфраструктура за непречено движење на овие лица низ урбаните средини, што не се поттикнува култура на прифаќање на таквите лица, а образованието на овие лица е дискриминаторско и елиминаторски. Во креирањето на економското, социјалното и културното вклучување на хендикепираните лица и остварување на пристојна работа, креаторите на политиките, синдикатите, бизнис заедницата и организациите на овие лица имаат значајна улога и

силна моќ. Меѓународните стандарди и европските директиви се основа за регулирање на правата на хендикепираните лица, но таа се повика на алтернативниот извештај на Европската платформа на лица со хендикеп со кој се наведува дека и на европско ниво нема доследна примена на одредбите од Конвенцијата особено во родовиот јаз, за разлики во плати, недоволно учество на пазарот на трудот и за вклучување на вештачката интелигенција во работниот процес која како асистивна технологија е клучна за одредени граѓани со хендикеп. Таа истакна дека мерките за вработувањето на овие лица не треба да важат само за приватниот туку и за јавниот сектор, членот 27 од Конвенцијата треба да се гледа пошироко, а лицата со хендкеп треба да бидат вклучени во синдикалните организации и во други тела каде се усвојуваат одлуки кои се однесуваат на нивниот статус во општеството. За да има достоинствено вработување образованието треба да биде прилагодено на потребите на овие лица.



Таа, сито така, го нагласи значењето на стекнување на „меките вештини" уште од најраниот степен на образование, но и подршка за поголемо вклучување во високото образование. Укажа за несоодветноста на начинот на барањето за општата здравствена состојба при вработување и тоа треба да биде редефинирано. Таа ја нагласи потребата од воведување институт "празно столче" во институциите и потреба од вклучување претставник на лицата со посебни потреби во Посебниот фондот, заради активно учество во донесувањето на одлуки кои ја засегаат оваа група.

**Ангел Димитров**, Претседател на Организацијата на работодавачи на Македонија (ОРМ). Од страна на копретседавачот Габриела Маџоска беше поставено прашање во однос на ставот на работодавачите за вработување на лица со попреченост и дали државата доволно прави за да ги стимулира работодавачите да ги вработуваат овие лица. Тој својата дискусија ја поврза со неговата долгогодишно членување во УО на Агенцијата за вработување која има важна улога и задача за вработување на лицата со попреченост и инвалидите на труд. Во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување постои посебна програма за подршка за вработување на лица со попреченост со цел зголемување на нивна вработливост.

. Тој даде објаснување за разликите во новиот нацрт закон, во однос на Посебниот фонд за кој е предложено, наместо од придонес за вработување, да се финансира од компензационен фонд, да се намалуваат субвенциите и помошта за заштитините друштва, да се воведе квотен систем, да се формираат центри за професионална рехабилитација. Тој даде препорака пред да се понуди новиот Закон на јавна дебата да се направи длабинска анализа на состојбата во пракса и да се согледа дали е спроведлив во наши услови и да се оцени дали со подобрување може да се задржи постојното решение.

**Билјана Талевска**, Управител во ЗАПОВИМ, информираше дека оваа Заедница има искуство од 50 години работа, но во форма функционира од 2000 година, вклучува 230 заштитни друштва кои вработуваат повеќе 1.500 лица со посебни потреби. Според неа, постојниот Закон за вработување на инвалидни лица се однесува, не само за заштитните друштва, туку на сите друштва. Според неа, постоечкиот Закон претставува функционира добро иако постојат некои слабости при неговата примена во пракса. Нејзините аргументи за квалитетот на актуелната регулатива е во тоа што овие друштва не претставуваат шелтер центри туку се друштва во кои заедно и рамноправно работат и инвалидните лица кои имаат еднакви можности за кариерен развој.

Затоа таа смета дека не треба да се укинат заштитните друштва затоа што тие покажуваат солидни резултатите во вработувањето и задржувањето на работа на лицата со посебни потреби. Треба да се имаат предвид добрите страни на постојниот закон при креирањето на новото законско решение, а и да се вклучат решенија кои недостасуваат а кои се однесуваат на олеснување на вклучување на оваа категорија работници во работниот процес: работно оспособување, професионална рехабилитација, мерки за унапредување на свесност за прифаќање на различноста. Средствата од посебниот фонд се наменети не само за заштитните фирми, туку и за сите потреби за вклучување на работа: за опрема, за вработување, за адаптација на работното место. Во врска со предложената верзија на новиот закон таа изрази дилема во однос на можноста да се реализира целосно квотниот систем од аспект на постојната понуда на лица со посебни потреби што не би било доволно особено за големите друштва кои имаат 2000 и повеќе вработени. Таа предложи заштитните друштва да останат и во новото законско решение заради добрите резултати што ги постигнуваат до сега.



**Роберта Митревска**, Здружение на граѓани „Ластовица“истакна дека во државата има голема потреба од кариерен центар за лицата со попреченсот кои се обидуваат да го направат. За вработувањето на овие лица треба да постојат оргнизациски структури кои ќе ги подготват лицата за полесно да се вработат, но и полесно да ја извршуваат работата. Компаниите би требало да добијат повеќе информации за прилагодувањата што треба да ги направат за ефективен прием на работа на лица со попреченост и констатира дека постои јаз помеѓу образованието и потребите на бизнисот од аспект на знаење и вештини. За да се надополни констатиранот јаз треба да се користи и развие неформалното образование, преку повеќе понудувачи, мотивирање за одредени обуки, поголема иновативност и воведување модуларни обуки, кофинансирање на одредени обуки. Таа предложи да се испитаат слабостите во постојниот Закон и во политиките, да се вклучат искуствата од добрите практики, да се работи на подигнување на свеста, да се подржува работното оспособување. Наведе и потреба од намалување на бариерите за вклучување на оваа категорија граѓани во секојдневниот живот и активности: негативни ставови кои предизвикуваат дискриминација, неорганизиран начин на транспорт и пристап во зградите на институциите, слаба информираност, недоволна подршка, ниска самодоверба.




Таа предложи за обезбедување на пристојна работа за лицата со попреченост да се воспоставува мрежна структура на институциите и организациите за подршка на овие лица во насока од локално кон државно ниво за подобра прегледност на лицата што треба да се вработат.

## ДИСКУСИЈА

Копретседавач **Марија Ристеска** го отвори делот за дискусии по панелот со наведување дека има голем број на пријавени дискутанти од различни видови на друштва, организации и институции. **Милан Петковски,** Претседател, Македонско здружение за заштита при работа. Поврзано со предметот на работа на ова Здружение, Петковски го отвори прашањето на заедничката потреба на сите лица кои треба да добијат посебна подршка, а од друга страна и еднаков пристап. Искажа голема загриженост заради високите бројки на лица кои страдаат на работно место (1.500) и на загинати лица (40) на годишно ниво и ја нагласи родовата

структура на овие лица кои страдаат на работните места, од кои 93% се мажи. Предложи дека акцентот треба да се стави на превентивата при заштита на работните места за да не се генерираат нови инвалидни лица. **Христина Савевска**, Стручен соработник ЗАПОВИМ (Здружението на заштитни друштва) зборуваше за постојниот систем на вработување на лицата со попреченост кој е неколку пати менуван и надоградуван за постигнување на подобри резултати при нивно вработување и дека постојниот Закон во најголема мерка го обезбедува ова. Таа нагласи дека нема неусогласеност на овој Закон со Конвенцијата.

**Марија Ристеска** констатира големи разлики во однос на ставовите на дискутантите за усогласеност на Законот со одредби со Конвенцијата и таа повика да го коментира ова Лазар Јовески кој во својата дискусија укажа на потребата од усогласување со директивите 89654 и2000/78. Тој како одговор наведе дека Конвенцијата од 2008 е документ кој треба да биде сместен во националните законодавства, а конкретниот концепт зависи од потребите и условите на земјата која ја дизајнира регулативата. Затоа треба да се избере најдобрата мерка која одговара на потребата на македонскиот пазар на труд.

**Елена Кочоска** се вклучи во дискусијата со назначување дека во Извештајот на Европската Комисија се констатирани сериозни недоследности во пристап на вработување, начинот на вклучување на лицата со хендикеп, начин на дистрибуирање на средствата и целокупна инфраструктура. Таа нагласи дека членот 27 од Конвенцијата треба да се толкува поврзано со член 3.4.5, 19 и 28.

**Ана Подлесна** во однос на прашањето за потребата за усогласување на македонскиот закон со европските директиви за вработување на лица со попреченост во пристапниот период одговори дека тешко е да се одговори затоа што треба да се земе предвид ситуацијата во земјата, располагање со кадри и институции кои треба да го реализираат, се гледа целиот еко систем за да се стави законот во пракса.



**Бранимир Јовановски**, претседател на Националната европска заедница на лица со инвалидитет „Мобилност“. Тој истакна дека од контактите што ги имаат со инвалидните лица ги знаат проблемите на овие лица вклучувајќи ги и оние поврзани со вработувањето.

За новиот Закон би се вклучиле со дискусија во тек на јавната дискусија. Тој го наведе проблемот дека во текот на работење, ниту со своите активности, ниту тоа го постигнале другите слични организации, не постигнале успех во менување на свеста кај населението за работните способности на инвалидните лица. Го наведе примерот на јавниот сектор каде се вработени незначителн број на лица со инвалидитет. Според него, евидентирани се 1.480 лица баратели на работа од кои над 80% се неконкурентни заради недостаток на квалификација (немаат образование или недовршено средно образование) и затоа неопходна е потребата од организирање нивна доквалификација. Ако им се даде соодветна подршка овие лица можат повеќекратно да му вратат на општеството.



**Александар Николов** од Бравура Кооператива за професионална ориентација на лица со посебни потреби. Единствен проблем со кои се соочуваат се механизмите кога треба да се спроведат низ лавиринтите на администрацијата, и дека формата е секогаш истата – добри закони -слаба примена во пракса.

Според него социјалните претприемништва можат да бидат добар пример и треба наменски да се применат.

**Јована Станковска**, **Викторија Кировска**, **Јован Пецалевски**, **Марија Самарџиска**, студенти на Филозовскиот факултет и на Правниот факултет Јустинијан Први, поставија прашања: (1) за Ана Подлесна за начин на имплементирање на моделот за кој зборуваше во својата презентација во други земји и во Северна Македонија, (2) за поттикнување на самовработување на лицата со попреченост, (3) дали стандардите за работа треба да се различни во однос на други вработени и по тој основ различно плаќање за работата и (4)дали образованието е прилагодено на потребите на лицата со посебни потреби.

**Игор Глинџарски** од ИГМА ТЕКС ДООЕЛ с.Разловци, Делчево, го претстави друштвото кое има вкупно 100 вработени од кои 26 се инвалидни лица. Тој смета дека новиот Закон е преземено решение од друга земја, што е слабост затоа што искуствата од други земји треба да се прилагоди на македонските услови и потреби. Ако постојниот закон има слабости, треба да се работи на нивно отстранувања, ако има злоупотреба при вработување на лицата со посебни потреби тоа треба да се спречи со контроли од соодветните институции.  Во дискусијата се вклучија и **Кристина Величковиќ**,

**Селма Чочовиќ** и **Стефан Станојоски** со искажување на примери за можност на вклучување на лицата со попреченост користејќи ги нивните индивидуални карактеристики, поставување прашање за одговорност на работодавач ако не прими на работа лице со попреченост, и за начини на интегрирање на локалните власти од цела територија во стратегија на вклучување на овие лица на пазарот на труд.

**Милева Ѓуровска** даде завршен коментар за излагањата на оваа сесија кои покажаа голем интерес на учесниците за прашањето на вклучување на лицата со посебни потреби на пазарот на труд и ја потврдува потребата да биде предмет на дискусија на различни заинтересирани страни.

Забележително е изразувањето на контрастни ставови за потребата и начинот на измените на Законот и за воведување на квотите за вработување на овие лица. Но, таа нагласи дека токму различните дискусии помагаат да се согледа моменталната состојба и потреби поврзани со вработувањето на лицата со посебни потреби за да се вклучат соодветно во законските решенија. Таа нформираше дека експертите вклучени во оваа Работна група подготвија препораки за вработувањето на лицата со посебни потреби што треба да бидат разгледани и дополнети и затоа се очекуваат сугестии од учесниците на оваа Сесија за да може да се оформи конечната верзија на препораките и со тоа ја затвори сесијата. .

